

**Господине Претседател на Републиката,**

Актуелната ситуација во Република Македонија особено не загрижува сите и со големо внимание ги следиме одвивањата на настаните.

Ние знаеме колку Република Македонија претрпи и продолжува да се справува со мигрантската криза и покрај тешката внатрешна политичка ситуација во која што се наоѓа последниве години. Ние ја препознаваме и поздравуваме оваа помош спрема Европа, во решавањето на мигрантската криза.

Нашиот град Мант ла Жоли, покрај своите жители Македонци ја има госпоѓа Сузана Сурловска, Претседател динамичен на Француско-македонската асоцијација Блаже Конески, која е многу имплицирана во асоцијативниот живот на градот. Како пријател на Македонија , таа ме сензибилизира за актуелната политичка ситуација,  ви ја искажувам мојата целосна подршка, Господине Претседател на Републиката, за сите ваши напори направени и предвидени во решавањето на кризата во државата.

Ние се надеваме дека Република Македонија ќе пронајде исход, кој ќе ги задоволи жителите на Македонија, кои се загрижени за нивната иднина исто така да ја сочува Македонија основана спрема мултиетничките и мултикултурните принципи. Едно мирно и демократско решение, кое ќе и овозможи на Република Македонија како земја членка наскоро приклучување кон Европската Унија.

Повторно ви ја искажувам мојата подршка,

Ве молам да верувате Господине Претседател на Републиката,  искажувајќи ги моите посебни чувства и мојата висока почит.

***Michel VIALAY***

***Градоначалник на Мант ла Жоли***

***Текстот го преведе: Сузана Сурловски***